РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26. 02. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 32 | | |

816

( Образец ПП......)

**До:** Општина Битола
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата [redacted] , [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Предмет: Барање за информации за привлечени туристи на Зимска Приказна 2025/26

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку туристи привлече Зимска Приказна 2025/26 година – еднодневни кои посетиле некој од настаните и повеќедневни престојувања ?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ОДГОВОР ОД ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис [redacted]

**Во Битола, 26.02.2026 година .**

(доколку барањето се поднесу[redacted]а)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за економски развој

Бр.11-32/2
05.03.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-32/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

_____________________

06.03.2026

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 13. 03. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

13.03.2026
40-90/2

До

Лица за пристап до информации од јавен карактер

**Предмет:** Доставување на одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-32/1

**Прашање:** Колку туристи привлече Зимска Приказна 2025/26 година – еднодневни кои посетиле некој од настаните и повеќедневни престојувања?

**Одговор:** Статистичките податоци потребно е да ги побарате од Завод за статистика. Општина Битола за сопствени потреби користи индикатори врз основа на кои врши проценка на успешноста на манифестацијата. Меѓу нив релевантн се:

- Публика на настаните на „Зимска приказна" – значителна посетеност документирана со фото и видео записи
- Влез на посетители во Битола на граничен премин Меџитлија: бројот на посетители во периодот од 20.12 – 05.01 во 2021-2022 изнесувал 5058, додека 2022-2023 бил 33.235, 2023-2024 бројот се искачил на 36.259, во 2024-2025 достигнал 42.500, а 2025-2026, повторно бил над 30.000 посетители и достигнал 35.435 посетители.
- Повратни информации од бизнис секторот – зголемен број посетители и потрошувачка на производи
- Континуиран и зголемен интерес за закуп на куќарки

Ваквите индикатори се од посебен интерес на општината за креирање на Програмата за туризам и подобрување на економскиот развој на градот. При креирање на стратешки документи, програми и планови за работа користењето на наведените и други дополнителни индикатори е од особена важност за процесот на планирање на општината.

Изработил:
Дејан Додовски

Контролирал:
Венцо Шишкин
Заменик рак. на Сектор

Раководител на сектор
м-р Снежана Петровска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 336 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи

Одделение за административни и општи работи

Бр.11-32/4
13.03.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **26.02.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-32** од **26.02.2026 година**, каде бара информации за колку туристи привлече ЗиМСКАТА Приказна 2025/26 година -еднодневни кои посетиле некој од настанатите и повеќедневни престојувања.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-32 на ден 26.02.2026 година. Во барањето наведе дека бара информации за колку туристи привлече ЗиМСКАТА Приказна 2025/26 година -еднодневни кои посетиле некој од настанатите и повеќедневни престојувања.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-32/1 од 26.02.2026 год.
2.Допис до одделение за економски развој и јавни дејности со бр. 11-32/2 од 05.03.2026 год.
3.Одговор од економски развој и јавни дејности со бр.11-32/3 од 13.03.2026 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 13.03.2026 година, под бр. 11-32/4.

**Службенено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**
-----------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА